**СТУДИИ**: ГРАДЕЖНИШТВО-Додипломски
**Предмет**: МЕХАНИКА НА ФЛУИДИ
**Семестар:** II
**Фонд на часови**: 3+3
**Кредити: 7**

**Професор**: Д-р ВИОЛЕТА ЃЕШОВСКА
**Соработници**: Бојан Илиоски, Александар Божинов и Валерија Станоевска
**Литература**: Поповска Цветанка,(2016), *Механика на флуиди*, Градежен факултет-Скопје
**Условеност: Математика I**

**Начин на изведување на наставата и начин на оценување**:

1. Присуството на наставата (предавања и вежби) е статутарна обврска на секој студент и истата директно не се оценува.

2. Во тек на семестарот, индивидуално, се изработуваат **5 задачи**, според приложената динамика за вежби. Сите задачи се задолжителни и вреднуваат со ист број поени (0÷2). Максималниот број на поени, кои може да се соберат со изработка на задачите (**5x2=10 поени**), во формирањето на завршната оцена на предметот учествуваат со **10%.**

3. Во тек на семестарот се прават **3 колоквиуми**. Истите се состојат од два дела и тоа: писмен дел (задачи) и теоретски дел (прашања). Колоквиумите се вреднуваат со ист број на поени **(90=30+30+30).** Во формирањето на завршната оцена на предметот учествуваат со **90 %**.

4. За добивање на потпис по предметот потребно е студентот **навремено и точно** да ги изработи и предаде сите програмски задачи (10 поени).

5 За студентите кои во текот на семестарот оствариле најмалку **50% успешност,** односно освоиле минимум **55 поени (**3x15=45 од колквиуми и 10 поени од програмските задачи), директно ќе полагаат завршен испит.

6. Студентите кои што освоиле помалку од 55 поени во тек на семестарот, а оствариле право на потпис,треба да полагаат писмен дел од испитот во редовните испитни сесии кој се вреднува со максимум **50 поени** и учествува со 50% во формирањето на крајната оценка. Студентите кои оствариле минимум **25 поени** (50 %) на писмениот испит се стекнуваат со право да полагаат завршен (усен) испит.

7. Завршниот (усен) дел од испитот се вреднува со максимум **50 поени** и учествува со **50%** во формирањето на крајната оцена на предметот. Истиот се изведува во термини по договор со наставниот професор.

8. Конечната оцена по предметот се формира на два начина: **А -** врз основа на вкупно собраните поени во текот на семестарот (точка 2 и 3), или **Б –** врз основа на поените стекнати на писмениот испит (точка 6) и завршниот испит (точка 7). Со колкав дел учествува секоја активност во формирањето на крајната оцена е прикажано во Табела 1, а критериумот за оценување согласно освоените поени во Табела 2.

Табела1

| | **Активност** | **Учество** |
|---|---|---|
| 1 | Задачи од вежби | 10% |
| 2 | Колоквиуми | 90% |
| 3 | Писмен испит | 50% |
| 4 | Завршен испит | 50% |

Табела 2

| оцена | 6 (шест) | 7 (седум) | 8 (осум) | 9 (девет) | 10 (десет) |
|---|---|---|---|---|---|
| Собрани поени според точка 2, 3, 5, (6) | 55÷65 | 66÷75 | 76÷85 | 86÷93 | 94÷100 |